Влада на Република Северна Македонија

Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество

# З А П И С Н И К

од Конститутивната седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржана на 7.4.2025 година

Скопје, април 2025 година

# З А П И С Н И К

од Конститутивната седница на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество одржана на 7.4.2025 година

Седницата започна во 11:00 часот.

На седницата присуствуваа членовите: Лидија Најдова-Ниневска-Министерство за внатрешни работи, Бојана Босилкова-Министерство за правда, Суеда Бајрами- Министерство за односи меѓу заедниците, Даница Насова Иванова-Министерство за европски прашања, Ангелина Јакимовска-Министерство за финансии, Елизабета Поп-Ангелова-Министерство за економија и труд, Весна Виќњевиќ- Министерство за образование и наука, Александра Крстеска Ангеловска-Министерство за социјална политика, демографија и млади, Снежана Ристовска-Министерство за култура и туризам, Валентина Величковска- Македонски центар за меѓународна соработка, Скопје, Дарко Аврамовски-Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење“, Маја Атанасова-Македонско здружение на млади правници- МЗМП, Скопје, Симонида Кацарска-Институт за европска политика, Скопје, Виктор Мирчевски-Здружение Конект, Скопје, Моника Илиоска Кантарџиоска-Коалиција на младински организации СЕГА, Прилеп, Сузана Стојановска- Здружение на рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа, Скопје, Теа Зографска-Сојуз-Национален совет за родова рамноправност, Скопје, Андреј Сених-Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје, Емилиа Ѓероска-Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси ПРО Локал Битола, Зоран Димов-Здружение Ромски деловен информативен центар на Македонија, Скопје, Бардил Јашари-Фондација за интернет и општество Метаморфозис, Скопје и Драгица Вучковиќ-Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор, Битола.

На седницата не присуствуваа членовите на Советот: Бесник Бајрами или Јелена Арсова-Министерство за здравство, Стефан Вангелски или Александра Куновска-Министерство за локална самоуправа, Оливера Јакшиќ Транталовска (оправдано отсуство) или Марјан Патлиџанковски-Министерство за дигитална трансформација и Лендита Дика или Мисрете Едипи-Министерство за животна средина и просторно планирање.

На Конститутивната седницата на Советот присуствуваа и претставници на Генералниот секретаријат: Сузана Никодијевиќ-Филиповска, Весна Тасевска и Миа Деспотовска од Секторот за анализа на политиките и координација, Сања Савовска-Кабинет на генералниот секретар на Владата, Илир Османи-Кабинет на заменик претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење, како и експерти на проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија“ финансиран од Европската унија - Гоце Коцевски и Зоран Илиески.

Врз основа на Предлогот на дневниот ред, Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го утврди следниов:

## ДНЕВЕН РЕД

**Свечен дел**

Воведен збор и претставување на членовите на Советот

- Поздравно обраќање на Игор Јанушев, генерален секретар на Владата
- Поздравно обраќање на Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење

**Работен дел**

1. Презентација на надлежностите на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и постапката за избор на претседател и заменик на претседателот на Советот (Одделение за соработка со невладини организации)
2. Избор на претседател на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на членовите од граѓанските организации
3. Избор на заменик на претседателот на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, од редот на членовите од органите на државната управа
4. Известување за пристигнати барања од министерствата за номинирање на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела (Одделение за соработка со невладини организации)
5. Прашања и предлози

*

* *

Свечениот дел од Конститутивната седница го отвори Сања Савовска која ги поздрави присутните членови и гости и напомена дека Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18.4.2025 година донесе Решение за назначување членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, бр. 18-2987/2.

На седницата поздравно обраќање имаше генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија Игор Јанушев, кој ја потенцираше посветеноста на Владата односите со граѓанските организации да ги гради врз основа на принципите на инклузивност и партиципативно планирање, сигурност и одговорност, отвореност и транспарентност, како неопходни инструменти за градење на еднаквост пред законот и одговорност на носителите на одлуки. "Во соработка и партнерство со граѓанските организации, со ефикасна и транспарентна работа на седниците на Советот, заедно ќе ја градиме државата како просперитетна, праведна и динамична демократија", истакна Јанушев. Тој изрази уверување дека партнер во изработката и спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и

развој на граѓанското општество 2025-2028 ќе биде новиот независен, репрезентативен и ефективен Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество.

На седницата поздравно обраќање имаше и заменикот на претседателот на Владата задолжен за политики на добро владеење Арбен Фетаи, кој го нагласи клучното место на граѓанскиот сектор како чувар на демократијата и како конструктивен партнер во креирањето подобри јавни политики. „Граѓанското општество не е декор на демократијата, туку нејзин активен супервизор – гласот што предупредува кога се јавуваат појави како што се корупцијата и неправдата", истакна Фетаи. Осврнувајќи се на предизвиците со кои се соочува граѓанскиот сектор, Фетаи ги наведе ограничениот пристап до фондови, отсуството на системска поддршка и недоволно функционалната правна рамка.

*

*        *

По поздравните обраќања со седницата продолжи да претседава Драгица Вучковиќ, како најстар по години член на Советот од редот на организациите.

**<u>Точка 1</u>**

Во работниот дел на седницата, Сузана Никодијевиќ- Филиповска имаше презентација на надлежностите на Советот и постапката за избор на претседател и заменик на претседателот на Советот. Согласно Одлуката за формирање на Совет за соработка меѓу Владата и граѓанското општество и Деловникот за работа на Советот, клучните надлежности на ова советодавно тело за унапредување на соработката, дијалогот и поттикнување на развојот на граѓанското општество се: да ја следи и анализира јавната политика која влијае на околината во која се развива граѓанското општество; да иницира донесување на нови или изменување на постојните прописи за унапредување на правната и институционалната рамка за делување на организациите; да учествува во подготовката и да го следи спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на со граѓанското општество; да дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање на активности на организациите и да ги разгледува годишните извештаи на Владата и органите на државната управа за финансираните програми и проекти на организациите; како и да номинира претставници на граѓанското општество во советодавни и работни тела. Советот работи и одлучува на седници кои се одржуваат најмалку еднаш на секои три месеци и доколку Советот на одржи седница во текот на една година, Владата може да го распушти Советот на барање на мнозинството членови на Советот, при што треба да има мнозинство гласови од вкупниот број членови од редот на организациите. Советот може да расправа кога на седницата се присутни повеќе од половината од членовите на Советот, а одлучува со мнозинство гласови од присутните членови, освен ако со Деловникот за работа на Советот не е предвидено посебно мнозинство. Седниците ги свикува и со нив претседава претседателот на Советот, а во случај на негово отсуство замениот на претседателот на Советот. Поканата за седница на Советот ја доставува Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат електронски, во вид на календар, а Предлог-дневниот ред со материјалите, како и записниците од седниците на Советот се објавуваат на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk. Во продолжение беше објаснета постапката за номинирање на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела како и постапката за избор на претседател и заменик претседател на Советот.

**Точка 2**

Согласно постапката за избор на претседател на Советот, утврдена со Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, кандидатите за претседател од членовите од редот на здруженијата и фондациите го добија следниот број на гласови: Никица Кусиникова 21 глас, од кои 12 гласа од членовите од редот на здруженијата и фондациите и Зоран Димов 1 глас.

**Заклучок:**

За претседателка на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество се избира Никица Кусиникова.

**Точка 3**

Согласно постапката за избор на заменик на претседател на Советот, утврдена со Деловникот за работа на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество, кандидатите за заменик на претседателот на Советот од членовите од редот на органите на државната управа го добија следниот број на гласови: Бојана Босилкова 19 гласа, од кои 7 гласа од членовите од редот на органите на државната управа и Лидија Најдова Нинևвска 3 гласа.

**Заклучок:**

За заменичка на претседателката на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество се избира Бојана Босилкова.

*

*     *

Поради отсуство на претседателката на Советот, со останатиот дел од седницата претседаваше заменичката на претседателката на Советот, Бојана Босилкова.

**Точка 4**

До Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество пристигнати се шест барања за номинирање на претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, и тоа:

- Барање од Министерство за правда за номинирање на двајца претставници на здруженија кои најмалку 10 години спроведуваат активности од областа на превенцијата и борба против корупцијата, за член и заменик член на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата;
- Барање од Министерство за односи меѓу заедниците за номинирање на член и заменик-член од Советот во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците;
- Барање од Министерство за образование и наука за номинирање на еден претставник на здружение или фондација, кој има завршено високо образование и има најмалку пет години работно искуство во секторот/дејноста Уметност, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификации, за член на Секторската комисија за уметност, согласно член 18 од Законот за националната рамка на квалификации;

- Барање од Министерство за локална самоуправа за номинирање на двајца претставници на здруженија или фондации за членови на Секторската работна група за локален и регионален развој;
- Барање од Министерство за социјална политика, демографија и млади за номинирање на двајца претставници на здруженија или фондации од областа на социјална заштита, за член и заменик член во Управниот одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги" (EC-NEAR/SKP/2024/EA-RP/0009) финансиран од Европската унија;
- Барање од Генерален секретаријат за номинирање на тројца претставници на здруженија, од кои најмалку еден претставник на здруженија од областа на заштита на маргинализираните лица, за членови на Националниот совет за развој.

Бојана Босилкова ја образложи итноста од номинирање претставници на граѓански организации во Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата, поради закажана конститутивна седница на ова тело на 8.4.2025 година.

Суеда Бајрами образложи дека согласно Програмата за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации за 2025 година, Министерството за односи меѓу заедниците на 6.3.2025 година објави Јавен повик, со рок за доставување на пријави до 7.4.2025 година. Од причини што во рок од 30 дена Владата треба да донесе одлука за распределба на средствата, таа побара Советот на денешната седница да номинира член и заменик член од членовите од редот на организациите во Комисијата за распределба на средства.

Дарко Аврамовски препорача постапката за номинација на претставници на граѓански организации да биде транспарентна и достапна за што е можно поголем број организации и да се спроведе по пат на јавен повик.

Виктор Мирчевски укажа дека е потребно Советот да биде консултиран и при утврдување на приоритетите и креирање на програмата за финансиска поддршка на здруженија и фондации.

Во текот на дискусијата, членовите на Советот се согласија по барањата за номинирање претставници на граѓански организации во советодавни и работни тела да се спроведе постапка на јавен повик, со цел да се обезбеди транспарентност, инклузивност и еднаков пристап, со исклучок на Комисијата за распределба на средства на Министерството за односи меѓу заедниците, за која изборот се врши од редот на членовите на Советот, а за која се пријавија, односно беа предложени да учествуваат Андреј Сених и Валентина Величковска.

**Заклучок:**

1. Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество го разгледа барањето бр.14-409/1 од 10.3.2025 година на Министерството за односи меѓу заедниците и одлучи за член и заменик член во Комисијата за распределба на финансиски средства наменети за програмските активности на здруженијата и фондациите од Буџетот на Министерството за односи меѓу заедниците, да ги номинира: Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ-Заедно посилни Скопје (член) и Валентина Величковска, Македонски центар за меѓународна соработка Скопје (заменик член).
2. Се задолжува Одделението за соработка со невладини организации да подготви и на веб-страницата www.nvosorabotka.gov.mk да објави Јавен повик за избор на претставници на здруженија и фондации во советодавни и работни тела на Владата и органите на државна управа, за избор на:

- тројца претставници на здруженија, од кои најмалку еден претставник на здруженија од областа на заштита на маргинализираните лица, за членови на Националниот совет за развој;
- двајца претставници на здруженија кои најмалку 10 години спроведуваат активности од областа на превенцијата и борба против корупцијата, за член и заменик член на Меѓуресорското тело за координација на активностите против корупцијата;
- еден претставник на здружение или фондација, кој има завршено високо образование и има најмалку пет години работно искуство во секторот/дејноста Уметност, од кои две години во областа на доживотното учење и квалификации, за член на Секторската комисија за уметност, согласно член 18 од Законот за националната рамка на квалификации;
- двајца претставници на здруженија или фондации за членови на Секторската работна група за локален и регионален развој и
- двајца претставници на здруженија или фондации од областа на социјална заштита, за член и заменик член во Управниот одбор на проектот „Поддршка на системот за обезбедување на квалитет на социјалните услуги" (EC-NEAR/SKP/2024/EA-RP/0009) финансиран од Европската унија.

**Точка 5**

Гоце Коцевски и Зоран Илиевски од проектот „Техничка поддршка за унапредување на овозможувачката средина за граѓанските организации во Република Северна Македонија", финансиран од Европската унија, изразија честитки за почетокот на работата на новиот состав на Советот и ги претставија активностите на проектот за поддршка на работата на Советот, пред се преку организирање на обука во мај 2025 година за усогласувањето на Деловникот за работа на Советот со измените на Одлуката за формирање на Советот од декември 2024 година и финализирање на Комуникациската стратегија на Советот, со цел да се олесни комуникацијата на членовите на Советот од редот на граѓанските организации со граѓанските организации коишто ги избрале и со организациите активни во областа што ја претставуваат. Проектот обезбедува и поддршка на работата група на Министерството за правда за измени и дополнување на Законот за здруженија и фондации.

Сузана Никодијевиќ-Филиповска ги информираше членовите на Советот дека на барање на Генералниот секретаријат, Државна комисија за спречување на корупцијата достави известување бр.08-1029/2 од 27.3.2025 година во кое е содржано мислењето дека членовите и замениците членови на Советот за соработка меѓу Владата и граѓанското општество немаат статус на именувани лица во смисла на член 82 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и дека истите не се обврзани да достават Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија.

Бојана Босилкова препорача да се креира Viber група за информирање за седниците и поефикасна комуникација со членовите на Советот.

Седницата заврши во 13:45 часот.

ЗАМЕНИЧКА НА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА СОВЕТОТ
**Бојана Босилкова**

ДОСТАВЕНО ДО:

- Лидија Најдова-Ниневска- Министерство за внатрешни работи
- Бојана Босилкова- Министерство за правда
- Суеда Бајрами- Министерство за односи меѓу заедниците
- Даница Насова Иванова- Министерство за европски прашања
- Ангелина Јакимовска- Министерство за финансии
- Елизабета Поп-Ангелова- Министерство за економија и труд
- Бесник Бајрами- Министерство за здравство
- Весна Виѓњевиќ- Министерство за образование и наука
- Шпреса Саиди и Александра Крстеска Ангеловска - Министерство за социјална политика, демографија и млади
- Стефан Вангелски- Министерство за локална самоуправа
- Снежана Ристовска- Министерство за култура и туризам
- Оливера Јакшиќ Транталовска- Министерство за дигитална трансформација
- Лендита Дика- Министерство за животна средина и просторно планирање
- Валентина Величковска- Македонски центар за меѓународна соработка Скопје
- Дарко Аврамовски- Коалиција на здруженија на граѓани „Сите за правично судење" Скопје
- Маја Атанасова- Македонско здружение на млади правници-МЗМП Скопје
- Симонида Кацарска- Институт за европска политика Скопје
- Никица Кусиникова и Виктор Мирчевски - Здружение Конект Скопје
- Моника Илиоска Кантарџиоска- Коалиција на младински организации СЕГА Прилеп
- Сузана Стојановска- Здружение за рехабилитација и инклузија на лица со даунов синдром Дневен центар Доза Среќа Скопје
- Теа Зографска- Сојуз-Национален совет за родова рамноправност Скопје
- Елизабета Божиноска- ХЕРА Асоцијација за здравствена едукација и истражување Скопје и Андреј Сених, Здружение за поддршка на луѓето кои живеат со ХИВ- Заедно посилни, Скопје
- Емилиа Ѓероска- Здружение на граѓани за унапредување на развојните процеси Про Локал Битола
- Зоран Димов- Здружение Ромски Деловен Информативен Центар на Македонија- ЗРДИЦМ Скопје
- Бардил Јашари- Фондација за интернет и општество Метаморфозис Скопје
- Драгица Вучковиќ- Здружение за заштита на околината и дрвото Екодрводекор Битола

Изработиле: Весна Тасевска, помошник раководител на Сектор за анализа на политиките и координација
Миа Деспотовска, советник за граѓански сектор, Одделение за соработка со невладини организации
Одобрила: м-р Сузана Никодијевиќ-Филиповска, раководител на Сектор за анализа на политиките и координација